Телефонските броеви се точни во времето
на издавање на оваа информација,
но не се обновуваат ако дојде до промена.
Ке треба да ги проверите во
телефонскиот именик пред да се јавите.

NSW Multicultural Health Communication Service
website: http://mhcs.health.nsw.gov.au
e-mail: mhcs@sesahs.nsw.gov.au
phone: (02) 9382 8111

multicultural communication

Macedonian
10 May 1999

# Проблемите со алкохол и дроги се среќаваат во секакви семејства

## Alcohol and drug problems happen in all kinds of families

REVIEWED
November 2004
NSWMulticulturalHealthCommunicationService

NSW HEALTH

Справувањето со проблеми е полесно ако имате блиски кои ве сакаат, ви помагаат и ве советуваат кога ви е тешко. Но, има понекогаш ситуации кога и на најдобронамерните и на најснаодливите фамилии им треба помош. Проблемите со droги и алкохол се таков проблем.

Некои луѓе мислат дека ваквиот проблем се среќава само кај одредени фамилии. Но, нив ги има во сите видови фамилии, од сите заедници и религии. Тие ги зафаќаат луѓе како Сузана, 48 годишна учителка, што станува рано секој ден, вози до сместувалиштето каде што живее нејзиниот 22 годишен син Тони, за да го разбуди и да го превезе до работа. Ако не го прави тоа, Тони, долгогодишен корисник на канабис, нема никогаш да се разбуди на време и ќе ја изгуби работата.

Сузана го прави ова пет дена во неделата и ѝ е многу тешко. Толку долго и одзема за да го рабуди Тони, што таа доцни понекогаш на работа. Исто така таа го прави ова во тајност, зашто ако разбере маж ѝ ќе биде бесен. Тој и така ја обвинува неа за проблемите на нивниот син со дрогата. "Ако беше построга со него кога беше помал, немаше ваков да стане," постојано тоа го вели.

На крај, Сузана отиде на советник за droги и алкохол при локалниот општествен здравствен центар. Тоа беше прв пат што Сузана доби прилика да зборува за тоа како овој проблем се одразува на неа и ѝ беше полесно после тоа. Советникот исто така ѝ помогна со тоа што зборуваше со неа за други начини на кои што може да му помогне на нејзиниот син.

Многу луѓе сметаат дека австалиската практика да се дискутира за личните проблеми со советници е чудна. Тие не можат да разберат како може разговорот со туѓинци да помогне. Па сепак, како што откри Сузана, разговорот со некој надвор од семејството може често да ви помогне да ги видите работите поинаку и да најдете нови начини на решавање на проблемите.

Понекогаш луѓето се срамат да разговараат со некој надвор од семејството, особено за проблеми во врска со алкохол или опојни droги. Меѓутоа, криењето на проблеми со droги, без оглед дали е тоа алкохол, таблети за смирување, хероин или други droги, му дозволува на употребата на дрогите да продолжи и да стане посериозно и за корисникот и за семејството. Проблемите со алкохол и droги се исто така и здравствени проблеми и како и многу други здравствени проблеми, потребна е помошта од здравствено стручно лице.

Ако разговарате со советник или со друго здравствено стручно лице за некаков проблем, на тоа лице му/ѝ е забрането да дава информации за вас на кој и да е друг, освен на другите здравствени стручњаци кои се вклучени во вашиот случај. Постојат строги правила со кои им се забранува да зборнат што и да било со други луѓе, вклучувајќи ги и членовите на семејството. Истите строги правила важат за преведувачите. Ако побарате преведувач и се покаже дека го/ја познавате, можете да побарате да дојде друг преведувач.

Службите за алкохол и droги можат да помогнат на многу начини - можат да ви дадат информации, советување или лечење или да ве упатат на друга служба. Ако ви треба помош, јавете се во локалниот општествен здравствен центар и распрашајте се каква помош се нуди. Ако се јавите кога се многу зафатени и нема кој да ви помогне во тој момент, секогаш оставете го вашиот телефонски број за да можат да ви се јават или пак јавете се повторно.

За повеќе информации за службите за алкохол и droги, јавете се во Drug and Alcohol Multicultural Education Centre (Мултикултурен образовен центар за алкохол и droги) на (02) 9699 3552.